# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „РЕВИЗИЈА - ПРАКТИКУМ“ ОД АВТОРОТ ДОЦЕНТ Д-Р ЈАНКА ДИМИТРОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1702-342/15 од 87. редовна седница на Наставно - научниот совет на Економски факултет, одржана на 29 октомври 2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Трајко Мицески, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- доцент д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„РЕВИЗИЈА - ПРАКТИКУМ“ од авторот доцент д-р Јанка Димитрова** наменет за студентите од прв и втор циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало „РЕВИЗИЈА – ПРАКТИКУМ” од доцент д-р Јанка Димитрова претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература од областа на ревизијата за студентите кои се соочуваат со обработка на прашања од оваа современа проблематика. „РЕВИЗИЈА – ПРАКТИКУМ“ претставува дополнување на скриптата со наслов „РЕВИЗИЈА (теоретски и практични аспекти)“. Во Практикумот се опфатени повеќе ревизорски постапки, тестови и контроли преку практичен приказ на спроведување на истите од страна на ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА, при вршењето на ревизијата на финансиските извештаи на ЕНТИТЕТ НА РЕВИЗИЈА. Практикумот е подготвен за потребите на студентите на прв и втор циклус студии на студиските програми: Сметководство, финансии и ревизија и Финансиски менаџмент на Економски факултет во Штип и Финансиско известување и ревизија и ги содржи сите предвидени содржини што се опфатени во предметната програма за предметот Ревизија, застапени во трета и четврта академска година (V и VII семестар, во зависност од насоката), со неделен фонд на часови 8 (3+3+2), односно 4 (2+1+1).

**Податоци за обем на ракописот.** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 150 страници. Во него се содржани голем број изјави за независност, тестови на контроли, планови, програми за работа, извештаи и други работни документи кои ревизорите и Друштвата за ревизија ги подготвуваат при вршењето на ревизијата на финансиските извештаи на ентитетите на ревизија. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel, големина на буквите 10. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на ревизијата. Во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област. Проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем е неопходна за студентите на Економски факултет, како и за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на актуелностите во ревизијата, за студентите, за ентитетите (деловните субјекти) чии финансиски извештаи согласно со законските прописи треба да се ревизираат, за

чии финансиски извештаи согласно со законските прописи треба да се ревизираат, за друштвата за ревизија, за постојните и идните ревизори и за пошироката јавност. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на економските науки. Затоа сметаме дека овој учебник е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

**Краток опис на содржината.** Од содржински аспект, во трудот се опфатени 9 тематски целини - глави: Проценка на независноста кон клиентот за прифаќање / продолжување на ревизорскиот ангажман (*Глава I*); Разбирање на ентитетот и неговите интерни контроли (*Глава II*); Аналитички постапки и утврдување на значајност (материјалност) (*Глава III*); Идентификација на ризиците (*Глава IV*); Планирање на ревизијата (*Глава V*); Комуникација со раководството на ентитетот на ревизија (*Глава VI*); Комуникација на ревизорскиот тим (*Глава VII*); Ревизија на попис (*Глава VIII*); Ревизорски тестови, работни документи и заклучоци (*Глава IX*).

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во ***првиот дел*** од практикумот се дадени практични примери на изјави за проверка на независноста на друштвото за ревизија и овластените ревизори и останатите членови на тимот кој ќе ја врши ревизијата кон ентитетот на ревизија. Исто така, овде е сместен и прашалникот за прифаќање / продолжување на ангажман, како и одлуката за прифаќање / продолжување на ангажманот.

***Вториот дел*** на практикумот е посветен на разбирањето на клиентот каде што преку прашалници, меморандуми и заклучоци се осознава работењето на ентитетот на ревизија и функционирањето на систем на интерни контролија.

Во ***третиот дел*** на практикумот се презентирани аналитички постапки и утврдување на значајност (материјалност) и тоа прелиминарни аналитички постапки и материјалност кои се вршат веднаш по прифаќањето на ревизорскиот ангажман врз основа на информациите содржани во финансиските извештаи на ентитетот на ревизија од претходната година и завршни аналитички постапки и утврдување на значајност (материјалност) кои се вршат по изготвувањето на финансиските извештаи за годината за која се врши ревизија. Овде е претставен и прашалникот за разгледување на континуитетот на работењето на ентитетот на ревизија.

***Четвртиот дел*** на практикумот го разработува идентификувањето на ризиците при ревизијата, како што се: инхерентниот ризик, контролниот ризик и детекциониот ризик, како на ниво на тврдења така и на ниво на финансиски извештаи кои се неопходни за утврдување на нивото на ревизорски ризик и за планирање на обемот и постапките на тестови на ревизија.

Во петтиот дел од практикумот се презентира планирањето на ревизијата како исклучително важна и детална постапка која претставува основа за изведување на сите натамошни активности и постапки во ревизијата.

***Во шестиот дел*** од практикумот авторот се фокусира на комуникација со раководството на ентитетот на ревизија којашто треба да биде интензивна од почетокот на ревизијата (по потпишувањето на договорот за ревизија) па сè до завршувањето на ревизијата (предавањето на извештајот на ревизорот). Овде се опфатени записници од работни состаноци, барање за потребни документи и работни средби за присуство на попис.

***Седмиот дел*** од практикумот е посветен на комуникацијата помеѓу ризикот тим каде што се претставени консултациите на ревизорскиот тим за ревизорскиот план, ревизорските постапки и временската рамка на ревизијата и комуникацијата со членовите на работниот тим за значајни фактори на ризик од измама.

***Осмиот дел*** е фокусиран на ревизијата на пописот каде што е претставен планот за вршење на пописот, меморандумите за набљудување на пописот како и тестовите за компилација.

***Во деветтиот дел*** се опфатени ревизорски тестови, работни документи и заклучоци и тоа: тест за измама - признавање на приходи; тест на контрола и временски пресек (cut

off); тест на поминување и контрола; прашалник за фактори и состојби за ризик од измама; работен документ за утврдување на критериуми за избор на купувачи и добавувачи на кои треба да им се испратат конфирмации; евидентен лист за забележани недостатоци во системот на интерни контроли; комуникација по основа на материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи; евиденција за потрошени работни часови на членовите на ревизорскиот тим; рекапитулар на планирани и потрошени часови и анализа на отстапувањата; изјава од одговорниот на ревизорскиот ангажман за собраните докази; работен документ за комуникација со членовите на ревизорскиот тим и проверувачот на контрола на квалитетот за значајни прашања во ревизорската постапка; извештај од проверувачот на контролата на квалитетот на ревизорскиот ангажман на ЕНТИТЕТ НА РЕВИЗИЈА за 2013 година; консултација на работниот тим за давање на ревизорско мислење и заклучок за архивирање на ревизорското досие на ЕНТИТЕТ НА РЕВИЗИЈА за 2013 г.

## З А К Л У Ч О К

Учебното помагало „РЕВИЗИЈА – ПРАКТИКУМ“ од доцент д-р Јанка Димитрова претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со ревизијата, систематски и логички е подреден на современ начин и во девет глави (тематски целини) се прикажани чекорите и постапките на ревизијата на финансиските извештаи. Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ бројни практични примери. Авторот направил успешна комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближат предметната материја до студентите и да им помогне да научат како практично се врши ревизијата на финансиските извештаи. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни табеларни прегледи. Тие, исто така, претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на ревизијата како научна дисциплина.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и сродни научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност.

Од оваа причина, препорачуваме учебното помагало „РЕВИЗИЈА – ПРАКТИКУМ” да биде објавено категоризирано како **рецензиран е-практикум**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р.**
**Д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска, доцент, с.р.**